СИМБОЛИКАТА НА ПРЕСПАНСКИОТ ДОГОВОР (ПРЕСПАНСКИ БОЛЕШТИНИ)

Петре Наковски

Денес е 14 август 2023 година. Зора е. Сивото утро го развејуваат сончевите зраци кои израстуваат од зад врвот на планината Цуце, дел од возвишениот Пелистер. Од балконот ги гледам првите зраци кои ја разбудуваат Галицата и ридовите отаде границата. Сончевата светлина полека се спушта прудолу, ја осветлува издолжената карпа на Нивици и се постелува на синото стакло на Преспанското Езеро. Така е сега. Така не беше на 14 август 1949 година. Тој ден од кај планината Бела Вода одеднаш, како орли долетаа авиони и Преспа ја опсипуваа со оган. Се гореше и небото беше ниско за да го прими чадот од напалм бомбите. Гореше Преспа и заедно со неа гореа Преспани, Костурчани, Леринчани и борците на ДАГ. Во оган и пламен течеше последниот ден од големата и крвава битка на Граѓанската војна. На денешен ден пред толку и толку години, гореше Преспа.

За тој ден и за деновите пред него и по него многу е кажувано и пишувано, најчесто во зависност од актуелните, утрешните и подалечните потреби и цели. Ретко се зборува и пишува за вистината така, каква што не треба да биде заборавена. Меѓутоа пишувачи аматери од рекла казала изнапишаа тони хартија со непроверени настани. Во нив најмногу омраза, закана и повик за одмазда. Тешки зборови кои лесно ги издржува и највалканата хартија.

Пред седумдесет и пет години, како утре, 15 август, за последен пат во Преспа биеја камбаните. Се славеше големиот христијански празник, Голема Богородица. Денес камбаните бијат само во Нивици. А некогаш Нивичани и остатокот од Преспани заедно го славеа големиот празник.

Голема Богородица е заштитник на Нивици и на цела Преспа. И на моето село. Тој ден во моето село доаѓале гости од Косинец, Лобаница, Д’мбени, Смрдеш, В’мбел, Долно Папратско. Сите радосно, после богослужбата во црквата што го носи името Света Богородица, свечено облечени го славеа големиот празник во звукот на сите камбани од околните села и кларинетот на Дуро од Опени.

Потоа?

Потоа почна граѓанската и замолкнаа камбаните и сега молчат. Денес во моето село нема кој да ја удри камбаната, нема кој на Света Богородица, на Христос Спасителот, на сите светци да им запали свеќа, да се

помоли и да се поклони,да запали свеќа за душите на тие кои загинаа во планините на Македонија и на тие, кои никогаш нема да се вратат.

Денес, од самоти утро сум под бремето на овој спомен и многу сум тажен...

Денешното утро, гледајќи го од балконот синилото на езерото и небото, зеленилото на шумите распослани по околните ридови и планини во чиј венец лежат двете преспански езера, со болка се навраќам на последните денови од Граѓанската војна. Како утре, пред седумдесет и пет години, утрото на 10 август 1949 година, пред добро да изгрее сонцето, борбените авиони од аеродромите во Јанина, Кожани, Костур, Лерин и Солун ги пеплосаа рововите и бункерите на ветувањето и на надежта наречена ,,На Вичо непријателот нема да помине''. Помина и во јуриш тргна владината војска потпомогната со тенкови, борни коли, стотици топови и минофрлачи. Бранителите и напаѓачите еден против десет. Најопасните позиции ги бранеа борци-инвалиди, кои за секогаш останаа во оганот и во пепелта на бункерите и рововите.

Тие страотии и ужаси не сум ги доживеал, но духовно и со целата свест ги чувствувам и ги доживувам како сопствена неисцелена рана и непрестајна болка.

Поминаа години, ама не згасна споменот, кој е чемерен дел од нашето големо човечко, национално и македонско страдање. За тие денови моите познавања ги збогати и книгата ,,Историја на Грашанската војна'', која пред десетина години ми ја подари мојот леринскиј познаник.

Во неа со знаење и макотрпен труд, авторот те внесува во виорот на ужасот и не те остава рамнодушно и ноќта да ја поминеш со мирен сон. Грозоморот ќе те следи до зори и денот ќе ти биде отслик на пекол.

На страница 533 пишува дека на рамниот простор на Малото Преспанско Езеро и на целиот пат од Превалот до Р'би и Пероо-Кулата, па се до селото Нивици, на 13 и 14 август 1949 година грчкото воено воздухопловство фрли 34 бомби тешки 250 кг, 530 бомби тешки 125 кг, 1.900 бомби тешки 10 кг, 620 ракети, 26.000 гранати, 43.000 митралески куршуми и 70 напалм-бомби, во тоа време најужасното и најубиственото оружје. Беа фрлани од американски и англиски авиони врз слабо вооружените, но необично храбри борци на Демократската армија на Грција во чии редови од вкупниот број 25.000, се бореа 14.000 Македонци, момчиња и девојки на возраст од 16 до 25 години, мал дел доброволци, а најголемиот број насилно мобилизирани. Заедно со соборците Грци и тие во најголемиот број, како и Македонците, селски момчиња и девојки. Пеколот на Грамос траеше 70 денонoќија. Епопеја на издржливост, јунаштво, храброст, борбеност и вера и измама. Што бранеа пред стоилјадната владина војска добро вооружена од Соединетите Американски Држави и придружена со американски и англиски воени советници? Бранеа ридови, планини и карпи и гинеа на карпите и зад карпите. Една година по крвавата битка за Грамос и по крвавите и

неуспешните битки за Негуш, Воден и Лерин, пусија фатија во ридовите и планините на реонот викан Вичо, каде по наредба на Политбирото на КПГ и Главниот штаб на ДАГ, беше фрлена паролата „На Вичо непријателот нема да помине“ и целокупното цивилно население, од сите села на реонот Вичо и од Преспа, независно од возраста го мобилизираа да копа ровови и да гради бункери. Само ноќе. Беа убедувани дека непријателот на Вичо нема да помине. Го чекаа непријателот и го дочекаа...

Тоа железо и напалмот прво беше применето на Грамос во битката што траеше седумдесет денoќија зад пусти чуки, ридови и карпи над кои освен илјадниците топовски и минофрлачки гранати, авионски момби и небројните митралески и автоматски куршуми, а авионите на кралското воздухопловство исфрлуваа буриња наполнети со запаллива смеса во која гореа и луѓе и земја. Така од 14 јуни до 20 август 1948 година гореше и се бранеше Грамос каде изгина цутот на македонската и на грчката младост.

Во книгата авторот не наведува колку гранати и куршуми фрлија топовите, минофрлачите, тенковите, пушките, автоматите, митралезите. Површината на тој простор не е поголема од 10-тина квадратни километри. Малку или многу железо падна на тој простор врз осакатените единици на ДАГ и големиот број цивилно население кое во невидена паника иташе кон Пероо-Кулата за да најде спас на полуостровот што го нарекоа Африка? Авторот бележи дека 80 отсто од тие кои се повлекуваа по овој отворен простор беа убиени. Не, тоа не беше боиште. Тоа беше кланица. Малку или многу беше количината на фрленото железо и олово, малку или многу се загинатите чии коски лежат во масовните гробници на просторот меѓу Раби и мостот Пероо-Кулата, во песоците и трските меѓу Големото и Малото Преспанско Езеро? Таму не гинеа Егејци, таму гинеа Македонци, а на тие кои успеале да останат живи, им беше пресуден чемерен егзодус.

Еден од најубавите предели на Македонија на денешен ден, 14 август 1949 година го гореше оган.

А пред тоа во Нивици, во селската црква, на 25 март 1949 година се одржа Вториот конгрес на НОФ со учество на 700 делегати од кои повеќето беа борци на ДАГ, генералниот секретар на КПГ свечено ги пофали и подмолно ги измами:

„Во Северна Грција, македонскиот (славо- македонскиот) народ даде се за борбата и се бори со сеопшт хероизам и самопожртвуваност со што предизвикува восхит. Не треба да постои никакво сомнение дека како резултат на победата на ДАГ и народната револуција, македонскиот народ целосно ќе се здобие со национално возобновување така, како што самиот тоа го сака и за да го добие, денес ја жртвува својата крв“.

Сите простум. Силни, долготрајни ракоплескања, извици на победоносни пароли, гласови на благодарност, како одговор за ветеното. А покрај сето ова еден друг глас поинаку прозвучи од конгресната говорница.

Евгенија, обична, проста, неписмена жена и мајка, натерана да копа ровови и да гради бункери, да пренесува ранети и оружје, застана зад говорницата и со болка во гласот, на својот костурски говор, рече:

-Другари и другарки, драги и мили кумандanти и борци на ДАГ, големци на партијата. Ве поздраввам свите јаска Евгенија, свите шо сте туа и вас шо сте о планинте на позиција, и вас шо лежите о болниците де си ги лекувате тешките рани и све шо ви е раносано... ве поздраввам јаска Евгенија за која веле дека најмногу ранети има носено и гренди и дрва и камења има клавано и ровои има копано... Ми рекое, така ми рекое, јаска од името на такви како јаска да држам тука лаф, на конгресо, де. Му реку јаска: ами јаска се проста сељанка, од де дур де јаска да држа лаф пред големи људје, пред герои на ДАГ... јаска знам да ора, да жнеа, да меса, к`шча да спастра... Така... Деца јаска изроди и издои. Здрави и големи порастее... Големи, златните, да ми се живи и здрави и вашче, да дај Госпу да се живи и здрави...

Евгенија за миг прекина, погледна на црковниот таван и и се пристори дека од таму со широко отворени очи ја гледа Христос Седржителот и сакаше да се прекрсти, да се помоли, ама и текна дека Вера вчера и имаше речено:

- Немој, ленда, случајно да се прекрстиш зашто ќе ги навредиш сите комунисти...

И место молитва, Евгенија ја голтна грутката што и беше застанала в грло и продолжи:

- Здрави и големи порастее на, дур таму горе порастее и о борбата влегое, а помалите, помалите ми ги... велам се најдве о државите, о тие со... ка се веле... аха, републиките со народна демократија... Истина е... Две години носам ранети, гренди, копам ровои, ама не се сама. Со мене се многу, свите ка и јаска се со окапани рамена и со фултаци на р`ците и на нозите, ненаспиени и недојадени и жедни и раносани и некои останати таму о Бела Вода, на Мали-Мади, на Лунsер и на Биковик и на друзите боишча, а многу и надвур од Лерин и о самио Лерин... Сполај му на Госпу Бог и на Богородица, ме сочувае жива и здрава и ету јаска се туа пред вас и ви држа лаф. Ами за шчо да ви говора? Подобро ми е ушче енаш да ви реча да сте живи и здрави, а не да ви говора. За говори има други. Тие подобре знае да говоре отколку да носе гренди и ранети, да копе под бумби и топојте кога грме и мурталезте кога бие...

Вера потскокна и со рацете и дава знак да помине на главното. Евгенија го забележа тоа и почна:

- Па јаска помногу сакам да ме опитвате или подобро јаска да опитвам. Ама прво тоа да ви кажам. Два дена, Вера, другарката шо седи таму о првио ренд, два дена, мене простата, ме учеше како да држам лаф. Ми рече прво и прво и најсетне да го поздравам најголемио, најумнио и нај... - тука Евгенија заборави што беше тоа трето нај... За миг прекина, размислува, се

измачува и не може тоа нај што некако несакана испари ли од нејзината глава... Што беше? Вера даде знак, скоро викна:

- Син, син...

- Така, ету, ми текна... и најголемио син, така де, син, најголем син кој не води од бој до бој за да се биеме... - а Вера од долу избројува на прсти - и од победа до победа и за тоо да ни е здрав и жив и умен за да не води од бој до бој и до...

- Да живее другарот Захаријадис! - силен и продорен глас, некаде од средината на црквата го прекина говорот на Евгенија.

- Захаријадис, Захаријадис, Захаријадис! - грмна црквата, сите застанаа на нозе, долго ракоплескаат и го извикуваат името на нај-нај синот.

Евгенија првпат слуша толку громко викање. Се созеде и кога потстивнаа викањата и ракоплескањата, таа продолжи:

- Да ни е жив и здрав и тој и другите да се живи и здрави. Јаска од туа добро го пуља. Си седи тој мирничко о првио ренд... и ме пули право о очите. И јаска од туа го пуља право о очите и право ќе го опитам...и... и сакам да го опитам, другаро Захаријади. Да го опитам за многу нешча шо ми греде о умо кога на носилка, на черга или на шинел ги носам осакатените момчиња и чупки, некои ми умирве о р`ци, ме моле кога се жедни и гладни, кога не може да оде зашчо му се замрзнати или раносани нозите, тогаш секогаш си вељa: ка-му ли еден ден да го сретнам и да го видам, па да го опитам тој прочуен, умен, храбар, како шо се вели, мил и сакан Захаријади, и да го опитам не само за мене, ами и за многу мајки, шо не се туа, шо се од`нде синорите и шо се по планињето и шо терат пред себе товарена стока да носи горе високо о планињето - ридјето вода и леб и куршуми и бумби преугоре и преудолу ранети и шо закопве уморени и умбрени и шо плаче и шо моле шо си откорнве косма кога шепнешкум одоколу ги поплатва новинта дека му загина чендото, да го опитам: зошчо, бре Захаријади, зошчо ние и дење и ношја да си имме голема страв за чендата, за дома, за берикето, за добитоко, за блиските и најсаканите. Пред нас и зад нас, бре Захаријади, само црнина пулиме, само страв, само трепет ни го стегва срцето, само лошото врти окол нас. Да не реку нешчо лошо? А ти, Веро, оттаму, од долу, не ми покажвај з`мби и доста мрдај со р`ци. Шо ме учеше јаска забораи... жими кресто златен... Остај ме сега да си кажа јаска од срце... болка да излеја, да ми олесни зашчо така ми рекоа и жените... ми рекоа тие, Евгенијо, да не се будалиш кога ќе зборваш пред сите таму на конгресо, туку прао, напрао да кажиш и да опиташ... Све од нас и за нас... И, ету, јаска, туа на конгресо, ка шо ми рекое жените - мајки и вдовици, сакам да кажам све шо се насобра туа о душата и о гр`ндите и о срцето, а не о умо, заш немам ум за да умам ка шо уме големците... од срце и од душа и од болка и од горчина и од чемер истеква мојо лаф... Да не реку нешчо лошо? Ако вељa лошо, речите, јаска ќе си зам`лкна и ќе си седна таму долу... реку нешчо лошо?...

Евгенија прекина. Замолкна црквата. Чемрее во вчудовиденост и страв, чиниш уплав ја фати..

- Шо барам, бре Захаријади? - како со нож се пресече тишината, нејзиниот глас небаре грмна во црквата. - Децитe и чупите ги растеме за стопани и стопанки, за зетои и невести, ги учеме нас да не одмене кога ќе си остариме, а вие ни ги собрате, аскери од ними сторите, ги учите да уморве, рофја да ве умори!... Така рече Господ севишен? Така ли? Чупите наши осакатени лежат по болници... некои се без нога, без рака... како ли ќе поведат невестинско оро. А ние за невести ги готвеме... За невести, бре Захаријади, за невести... А сега чупите и децитe прерано ни пораснае по планинте и ти, бре Захаријади и вие, бре, кумандантите шо сте туа, се гордеете со тоо шо тие се аскери, како шо велите - борци, а ние умирваме од страв... лоши новини секој ден не поплатве... Борци, велите, ги направите, нели, шо знае да уморве... Така вели Господ? Така ли? Чупите наши осакатени, бре, Захаријади, како дете - прваче ќе држе, како вода на стар татко и свекор ќе му даде, како по вода на чезма ќе оде? Како стомна ќе држе, како ќе месе, како ќе ткае... На патерици се потпирве, такви виду о Елбасан и таму по другите болници...

Долу, во првиот ред, Вера лудува. Искривува образи, шири очи, покажува со дланки, крши прсти... - Доста - шепоти таа - доста, кучко, замолкни, пукни, пукни да дај Господ, да онемеш... леле, шо ми стори, леле шо требаше тебе да те изберам, онеми, кучко... - Се заканува таа. А Евгенија само за миг прекина. Одврза црна шамија, се растури врз раменатa долгата веќе посивена плетенка. Избриша чело и образи, тешко голтна плунка и со ист глас продолжи да прашува

- Ами, бре, Захаријади, за тоо ли ги собрате дечките наши за да ги врните па? Па тие дури ниту тонsина не пораснае, а ги собрате... лошото да ве собери!

Вера потскокна, та придушено викна

- Доста! Слези долу!...

- Не, не Веро, не се тоа душмански лафои... Некни Доновица си го виде сино, одвај наполнети петнаесет годинки... А вие ги собрате дечките и ги врнате туа о Преспа за аскери да и прајте... А што ни велете? Зошчо, бре, Захаријади? Та нели ти ни рече све за победата да дајме, така ни рече. Пошчукаме и дадоме све. Рече свите на оружје и свите сне на нога. Така сториме како шо рече. И празни и пусти ни се селата, о к`шчите наши пајаци пајажини плете... Зошчо, бре, Захаријади? Нели ти рече: дајте за борбата све шо имате. И ние све дадоме. Нели ти рече: на Вичо непријателот да не помини. И ние прајме све за да не помини. Цели ридје и планини изораме, од туа до таму ги прекопаме, гл`мбоко о ними се пикнаме. Ровои и бункери со татуи р`ци ископаме и подигнаме. Нели ти така рече, бре Захаријади, и така направиме. Бункер до бункер, ров до ров, на, до таму, дупки гл`мбоки глас да не се слушне. Кој нашите ќе ги извади оттаму? Не душман - непријател, ами врапче

не можи да прелета. Нели ти рече така, та ние така сториме. И чрнина не покри. Види да видиш, бре, Захаријади, дали ќе видиш жена насмеена, жена радосна, жена о бело... О чрно облечени сне свите. Ношја, ка в`лчици, по месечина си ги доиме малечките скриени о шумата и по трапишчата. А потоа чекор по чекор со гренди и камења на рамо - преугоре на Лунѕер, на Бела Вода, на Чука, на Лисец и друзите ридои... На мајките од мака му секна млекото, ама не и чекоро... И си имме, другар Захаријади, голем страв. Страв - дали денес или утре нема да не поплати и нова чрна новина. Само чрни новини слушаме и чрнина катаден падинва над нас. Реку нешчо лошо? Речите дали реку лошо? Ми рекое говор да држам. Ама јаска не знам говор да држам. Јаска си прикажвам од душа, бре, Захаријади... И ни велите сега дека победата е блиску? Блиску, ама за кого? Кој ќе ја тргни чрнината од нас? Велите победата е блиску, ама додека таа ќе дојди, ќе остани ли некој утре за да родва, за да подигне к`шча од пепел, за да распали огнишче? Огнишчата ни Евгенија прекрсти дланки, преплете прсти, ги стави на угаснае, бре, Захаријади... Шо беме не сне и шо сакаме да сне нема да сне...

Евгенија прекрсти раце на говорницата, навали чело врз нив и се расплака гласно. Молк во црквата. Се чини дека и ангелите и светците од векови замолкнати, вчудовидени и понижени, поглед заковаа пред себе...

- Шо повеќе да реча, бре Захаријади... Све сториме и сакаме да знаеме зошчо толку лошо не најде? Чрнината, бре Захарјади ни претежна и ја чекаме победата шо секој ден ни ја ветувате и ни ја носите, а таа пустата победа шо толку е блиска шо се помноту ченда ни зева и о се потешка чрнина не облеква, шо селата до под темел доизгорее... Блиска е, велиш, победата... Ама за кого е блиска? За нас? Дури и темелите од к`шчите ни ги нема, толку се израмнети од тие клети душмани... Блиску е велиш победата, ама кога ќе стигне ќе има ли некој да се радва, да гради, да ора, да сее, да родва, да пее, а? Опитвам: А???! Опитвам... И ми греди да плача... да заплача не само за мене, ами за свите мајки, за свите вдовици, за свите раносани и осакатени... Да заплача, заш туа, туа - таа ги допре градите - туа ме боли... ме стега... ме гуши... Шо ушче да реча? Па да му реча на кумандантите да ни ги чуве чендата и од туа да му реча на чендата кои се горе на позиција: имате многу поклонатие од вашче мајки кои ве проколнве и ве моле: чувајте се деца... да се чувате мили... Госпу Бог и Богородица златна нека ве чуве...Толку од мене...1)[1]

Таа голема лага на генералниот секретар на КПГ не ја прифатија ниту неговите најблиски соработници, а голем број Грци и Македонци, затвореници и логораши, кои поради партиската дисциплина доколку ја прифаќаа таа луда идеја, без судска пресуда беа стрелани како велепредавници.

Со верба во водачот македонскиот народ го жртвуваше својот живот, ги жртвуваше своите најблиски, го жртвуваше својот имот. Се

[1] Извадок од рома от ГОЛЕМАТА ИЗМАМА

жртвуваше себе си. За жал наследниците на тој омилен водач, по години за целокупната грчка јавност, само за да бидат рехабилитирани, ќе изјават:

-За нашата партија во Грција не постои македонско малцинство. Истото, како рефрен, го повторуваат и други.

Тоа гласно искажано - национално возобновување - не беше ништо друго, туку ветување дека во Грција, Македонците ќе се здобијат со своја автономија. Во говорите на челниците на НОФ, тоа ветување беспоговорно беше прифатено, пофалувано и потоа ширено меѓу борците на ДАГ и настраданото македонско селанство, кое уште повеќе се мобилизира и со возвишените пароли извикувани од активистите и пропагандистите на НОВ, уште повеќе ја жртвуваше својата крв и живот. Ниту еден Македонец и Македонка да не остане без пушка и целосно да тргне во бој за победата на ДАГ и на народната револуција, кои станаа најомилена парола во активностите на НОФ. Во текот на последните пет месеци од поразот на ДАГ, во духот на таа измама Македонците веќе претставуваа половина од борбениот состав на ДАГ. Тоа возобновување на нешто што не постоеше, а допрва требаше да се оствари, не значеше ништо друго туку мобилизација на целокупното македонско население и внесување делба, омраза, раздор и каранице меѓу Македонците во Грција и во Народна Република Македонија. Творецот не беше наивен. Знаеше тој пат каде може да води. Воспитаникот на Берија и миленик на Сталин ги следеше трагите кои водеа кон уништување. Македонците учесници во Граѓанската војна тоа доцна го сфатија. Скоро целокупното население од Костурско и од Леринско, комунистите го преселија во шумите во близина на грчкото-албанската граница. На непријателот, рекоа, на тој начин ќе му оставиме пуста, изгорена земја каде нема да има можност да се храни. Токму тоа му требаше на непријателот, за кого храната непрекидно и во изобилство со бродови пристигнуваше од Америка. Не е чудно што Аргир Ковачи, мајор на ДАГ во писмото упатено до Захаријадис меѓу другото му напиша:

„Барам да го заштитиме, другар Захаријадис, остатокот од славомакедонскиот народ, кој ние го откорнавме и го пративме во емиграција...''

Времето со помош на оригинални документи полека ќе ги открие сите кои ја предизвикаа војната и трагедијата на Македонците.

Преспа за целото време на траењето на Граѓанската војна, беше нејзин центар. Од другата страна на границата, во селото Асамати, во вилата на рускиот белогардеец, полковникот Гриценко, на 23 декември 1947 беше формирана привремената влада и до 28 јуни 1948, кога беше прогласено Информбирото, беше ноќно седиште на генералниот секретар на КПГ, на дел од неговите најблиски соработници придружувани од високи личности на тогаш Комунистичката партија на Македонија. Тука целата таа дружина, во светлината на газиените ламби (во Преспа струја се воведе во 1957 година) се гостеа со највкусни јадења од преспански крап и пиеја најдобри македонски

вина. Во мугрите џипот се враќаше во Винени или во Нивици или во Орово или во Граждено.

Вилата на рускиот белогардиски полковник Гриценко и денес постои во Асамати. По прогласувањето на Информбирото, Захаријадис застана на страната на Сталин. Патот до Асамати веќе му беше затворен и место на претој најде во планинската пештера над селото Винени. Тогаш до пештерата водеше стрмна козја патека, а денес бетонски скали до самиот рид каде се распостелува голема рамнина покриена со сенките на ниската и густа дабова шума. Таму имаше работилници за шиење униформи и кошули, за поправка на цокули и чизми, млекарница за преработка на овчото, козјото и кравјото млеко, кое задолжително,,за борбата и победата, мораа да го даваат Преспани. На почетокот од шумата, лево води тесна патека на чиј крај се извишува дебел стар даб и до него голем камен под кој зее прачна пештера. На дабовото стебло закована штица со натпис ,,Σπιλια Ζαχαριαδης'' - ,,Пештера Захаријадис''. Во неа, по удобните и топли соби во вилата на Гриценко во Асмати, Захаријадис одмораше, спиеше, донесуваше партиски одлуки, кои подоцна се покажаа мрачни како и дувлото, ретко одржуваше советувања со своите најблиски соработници. Денес, тоа мечкино дувло стана туристичка атракција и место на спомен и почит. Пред влезот во пештерата, децата или внуците на неговите сегашни истомисленици, приврзаници и почитувачи, поставија негов голем портрет изрежан на мермерна плоча. Портретот, од левата и десната страна, го китат две маслинови гранки. Во очите и лицето на водачот потскриена насмевка под која, како и некогаш се криеше лажно ветување. И сега гледајќи го неговиот лик поставен пред влезот на тоа мечкино дувло, ти се чини како да ти вели:

-Повелете, влезете во рајот...

На еден километар од пештерата, беше селото Оровник. Беше. Партизанска база уништена од бомбардирања. Сега е запустено. Остана само старата црква, искршените керамиди и раскопаните темели. Дамнешен белег дека тука некогаш имаше луѓе кои војната ги растури по светот. Од таму, шумски калрдамисан пат води до селото Граждено. Рамнина, ниви, ливади и околу шуми. За време на Граѓанската целото селото беше партизанска болница. По силното бомбсардирње болницата ја преместија во големата пештера каде на трокатни дрвени кревети послани со сено и паптрат раните ги лекуваа борците од боиштата на Вичо и Мали-Мади.

На крајниот брег на Малото Преспанско Езеро, неподалеку од границата со Албанија, беше селото Дреново –сега го нема. Беше злогласен комунистички логор. Тука беа затворани и измачувани тие чии синови и ќерки не ја споделија принудната мобилизавија или пребегнаа на другата страна. По цели денови, до крајна истоштеност, во подножјата на блиските планини копаа тунели за сместување на оружјето. Со тешка, ропска работа сакаа да ги превоспитат. Пред години некаде, далеку на ссевер милиони преку ратоа доаѓааа до слобода во гасните комири. Тука беше стрелан и партизанскиот генерал, кого високото раководство го обвини за неуспехот на борбите за

заземање на Воден. Тој, Геограгијадис се викаше, со својот живот ја плати туѓата вина. Погоре се селата Л'к, Оровник, Попли, па натаму на север – Штрково, Медово, и на северо-исток Р'би и погоре Герман. Од другата страна на Малото Преспанско Езеро – Нивици. Овој круг од селата, заедно со куќите, дворовите, подрумите, стоката, ливадите, бавчите, планините и пештерите во целото време на Граѓанската војна, сите заедно беа една голема воено-политичка база на Демократската армија на Грција.

До крајот на војната Преспа беше седиште на военото и политичкото раководство на ДАГ и КПГ и седиште на НОФ. Во Преспа се носеше оружјето од Југославија и од другите комунистички земји и од Преспа ноќе, товарено на коњи и мазги Преспани го пренесуваа во Грамос. Во Преспа беше печатницата која печатеше македонски весници; во Преспа беа отворени првите курсеви за македонски учители и првите македонски училишта. Преспа беше слободна територија и трн во окото на Атина.

Седумдесет години подоцна од Превсалот, во кривулестиот асфалтен пат, прудолу и катко потоа на кај селото Р би и веднаш лево возеа десетици црнми мерцедеси. Не брзаа. Го поминаа мостот и свртија десно, пругоре, краток застој на свиокот – нешто како паркинг од каде се гледа целиот источен брег на Големото преспанско Езеро и над селото Долно Дупени, нашата вила со Сонцето од Кутлеш. Не сум сигурен дека ме гледаат, ама јас од балконот ги гледам со двогледот. Гледам како некој замавна соцрено знаменце и колоната од црните мерцедеси се изгуби зад свиокот близу црквата Свети Ѓорѓи. Сега не ги гледсм, но знам дека веќе се спуштатт прудолу.

Патот заврши во Нивици.

Не носеа бомби, туку текст на договор наречен Преспански договор. Возеа по истиот пат каде на 13 и 14 август 1949 година загинаа стотици борци на Демократската Армија на Грција и жители на Преспанските и подалечните села. Возеа по патот каде почна поразот и егзодусот. Во колите насмеани лица. Меѓу нив потписниците, премиерите и тие, кои со години ветуваа, наговараа и вршеа притисок, тие, претставниците на Западниот свет од каде не остана ниту претседател, ниту премиер, ниту министер кои не ги извалкаа македонските црвени килими и од говорницата на Собранието бесрамно лажеа. А претставниците на народот како што сами се нарекоа и на собраниските фотелји здебелија задници, во се им веруваа. Не се најде ниту еден да отвори уста или да подигне прст и да праша. Нивниот молк беше нивна согласност за секоја измама.

Грчката и македонаката телевизија вршат директен пренос. На телевизискиот екран слики од околината, од околните карпи. На тв екранот нова слика. До карпа, некогаш крвава, што виси над езерото - свечено украсена маса, државни знамиња и тие – потписниците и советниците. Брмчат камерите, телевизиите вршат пренос. Кратко исчекување, потписниците, министри за надворешни потпишуваат нешто што учените во правото,

експертите и стручњаците оценија дека текстот на договорот што го напишаа други, а го потпишаа тие за кои се слушна, дека дури и не го прочитале. Како и да е ќе покаже правната наука и времето и ќе се види и короиста и штетата.

Потпишувањето го обележаа громките ракоплескања, гушкањата, лигавите бакнежи, студените ракувања. Со бавен и сигурен чекор се доближува до потписниците Италијанката, на чие лице се гледа грд подбив, зад неа Австриецот, со скриено задоволство на намуртените образи за кој знае ли некој чиј потомок е, и понастрана старчето, молчаливо, кое цели дваесет години, како што тврдеше само за еден цент ја кроеше играта. Сега готвачите на горкото јастие, чекорат бавно, не како порано. На нивните лица како да е нацртано прашањето: има ли некоја друга будала во светот која си го продава името на државата небаре е тиква, пиперка, краставица, френка на тезгите на српските пазари? Најнасмеан и сигурно најсреќен е премиерот на **нашата земја**. Гледајќи на телевизискиот екран се потсетив на еден друг негов настап во 2010 година, кога пред купот негови приврзаници и идолопоклоници, со широки мафтања на рацете и со видлива омраза на лицето, викаше на цел глас: кога ќе дојдеме на власт од работа ќе ги протераме сите кои не мислат како нас и со уште поголема омраза видлива на неговото лице, уште погласно викаше:– Кога ќе дојдеме на власт, тогаш живи луѓе ќе јадеме! Го гледам и си мислам: од кого ги научи тие движења на рацете, од кого ја наследи таа омраза толку јасно видлива на неговите образи? Дојде на власт и видовме што стори.

А за стореното радосно мисли што да му подари на грчкиот колега. Му текна. Ја одврзува црвената вратоврска и со широка насмевка му ја подава на својот брат, како што многупати го нарекуваше. А тој, кутриот, не ја прима, се повлекува, се брани. Другарчето знае што е јамка.

А бојата на премиерската вратоврска ме потсетува на пролеаната и впиената крв и знаснати животи на преспанската земја; ме потсетува и на заборавените црвени ѕвезди на вардарските македонски партизани, кои во јуриш вееја црвено знаме. Црвена свезда на партизанската капа носеа и партианите во Егејска Македонија. На партизанската капа, над грчката буква ДЕЛТА, симболот на ДАГ, на партизанската капа на Тина Андреева, млад офицер и херој на ДАГ сјаеше црвена ѕвезда. Сите ја викаа Цвета по улогата на Цвета во драмата ***Македонска крвата свадба***

Долготрајни ракоплескања и гласови на радост и насмевки на триумф го поплавија Нивици. Тој ден никој од присутните не ги слушна болните офкања на ранетите лекувани во пештерската партизанска болница близу Граждено; никој не ги слушна ужасните врисоци и лелецеците на тие кои гинеа во пламенот и оганот на напалмот.

Години ли, после таа триумфална претстава, двете другарчиња си останаа без ветената нобелова награда и без владината фотелја. Секогаш така посакува големиот – величење, ама само за една употреба, а советниците, кои честопати ги валкаа црвените килими повеќе не се појавија во владините коридори и на говорницата на парламентот.

Не на крај, туку долго ќе трае прашањето и барање одговор зошто токму во тоа зафрлено Нивици го потпишаа договорот?

Дали за да не потсетат на забранетиот јазик, за чија употреба следеше судење и плаќање парична казна, рицинусот и ренката, јавното тепање, ноќното прислушкување, откинувањето нокти, ставањето жешки јајца под мишките, стегањето обрач на главата и жива мачка под кошулата, тепањето по стапалата, лутата пиперка, стрижењето на крст, затворите и островските логори и да ни дадат на знаење дека токму тука, во Преспа, ги столчивме вашите!?

Дали тие, од оваа страна на границата кои воодушевено го потпишаа Преспанскиот договор, ги знаеја погоре наведените историски факти?

Познато е дека Државните договори секогаш се потпишуваат во свечено украсени сали, а не во некогаш запустено ридско и крајезерско село каде скоро пред седумдеситина година беше облеана со македонска и грчка крв во име на слободата. Дали само поради убавината на Преспа и сега поради прекрасно уреденото Нивици, некогаш едно од најсиромашните преспански села, одлучија токму таму да го потпишат договорот или, пак, за предупреда и потсетување дека токму тука, во Преспа, Атињаните да не потсетат дека токму тука ги столчивме вашите сонародници, а тие, кои успеале да се спасат од напалмот, ги протеравме отаде граница без право на враќање и со овој договор вие се откажавте и од нивните мртви и живи?

Во годините по завршувањето на граѓанската, властите наредија да се соберат мините, куршумите, гилзите, парчињата од авионските бомби, топовските и минофрлачките гранати, да се израмнат со земјата рововите и бункерите, пребаруваа под секоја грмушка и камен, береа, собираа, изнесоа што собраа и некаде пренесоа за да не остане белег од злото што тука се случило. Во срцевината на зелениот планински венец долго молчеше Преспа без Преспани, онемена од немоќ, од бес и од болка. Молк. Тишина повремено распарувана од крикот на езерските птици. Така се дотогаш, до кога властите на оваа питома земја не доселија Власи овчари од Епир и говедари бегалци Грци од Албанија. Живна Преспа ама без Преспани. Во нивните куќи завладеаја други обичаи и јазик што никогаш не го зборуваа.

Сега Нивици, некогаш најсиромашното село во Преспа кое живееше од лов и продажба на цironки, е познато туристичко село. Средено е и богато.

Стотици туристи од цела Грција оставаат таму куп пари. Ги привлекува природата и богатата трпеза со вкусни македонски јадења и македонски вина. И кога се изговара неговото име, тогаш едни од нив и едни од нас се згрозуваат, а други од нив и други од нас се радуваат и се гордеат. Грците селото го именуваа со името ПЦАРАДЕС (Рибари), а нашите државата ја именуваа со името СЕВЕРНА. И едното и другото име е грдо.

Пред години, собирав материјали за мојата книга ,, На пат со времето’’. Пребарувајќи по брегот на малото езеро, во трските враснати во водата видов лулка .

Кој од оваа лулка остана без мајка и која мајка остана без рожбата што со приспивна песна ја растела во оваа лулка?

Езерските бранови, тивко, нежно ја лулаат лулката и над неа трските пеат присписвни песни.Од многуте испеани песни која песна е повесела, а која потажна и поболна?

Ја гледам празната лулка и болка градите ми ги стега. Чија е таа лулка? Не ја подигнав во мојата прегратка. Им ја оставив на брановите да ја лулаат и на трските приспивно да и шумолат...- ај лули, лули...

Таму, во тие наши места многу лулки останаа празни и многу мајки без рожби.

Ај лули, лули, лули запустена судбино наша...

Потписниците за да го избришат својот валкан образ, рекоа дека тоа го направија во име на народот.

Во име на народот ли тие ги заборавија, а јас се уште ги слушам ужасните страдања и лелеци на убиваните и рануваните, горено со напалмот и го гледам нивното бегство по беспаќата и шумите каде бараа спас. Од што? Од кого?

Пред векови илјадници ослепени пристигнувале во Преспа. По години малкумина туѓинци се доселиле во Преспа и во најголемото зло време Преспа се испразни од Преспани.

По години едниот од потписниците, јавно и гласно ќе се издери – срамота е луѓе! Срамота!

Извика човекот, остана жив и се нафати да прави партија за спас на тоа што го уништи.

Се запраша ли тој за кого е срамота?

Па токму тој, кој го стави потписот, чија рака таткото писмено јавно ја благослови, дали од гризење на совеста или нешто друго, гласно ќе се издере: Срамота е луѓе! Срамота!

За кого, бре пиле, е срамота?

За наротот кој на референдум го бранеше името или за тие кои го продадоа?

Кој е тој народ кој со договори се откажува од делови на својот народ, од својот род и својот јазик?

Тоа го посакаа, го изнудија и го добија други, а нашите, нека ги наречеме така, без размисла и недораснати да чуваат држава, прво го дадоа името и знамето, па земјата ја поделија на пашалуци, раздадоа илјадници државјанства и државата ја доведоа до нејзино опстојување. Тоа се тие, памперсите, кои уште недораснати ја презедоа власта.

И не само тоа, туку и многу друго. А тоа ме потсетува на Прличевата песна „1762 лето“ во која се пее:

„ ... ќе ве даваt, ќе ве стрижат ќе м'лзат до крв

Меѓу народот ќе сејат

Несогласија и раздори,

Да се мразат син со татко и со брата брат

Ej! И со брата брат.“

Имам впечаток дека овие пророчки слова се пишувани денес. На ова што ни се случува и ни се прави денес не им личи друга боја, туку само црна, бидејќи нашинци по мерка на туѓинци црно ни ја бележат и ни ја кројат иднината.

Да е жив и здрав умниот Венко Андоновски кој не потсети на Гане.:

„Ах, што не е жив Гане, да ви каже кои сте, од А до Ш (па обвинете му ја поезијата за говор на омраза): арамии, абдали, акмаци, болигазовци, бесрамници, бесчесници, витосници, вопери, влекачи, гниди, гадури, грабачи, давајгазовци, драпајколчишпта, дибеци, ѓурултации, ѓонобрази, ѓозбојации, евнуси, евтинции, есапчии, жонглери, жганови, живодери, замети-зачисти-забриши, испичутури, изроди, измелезени, јавашлии, јагмации, јаничари, килави, куртшаци, ќесеции, незадоени, наакани, неранимајковци, острастени, ороспикефлии, отчовечени, паликуќи, простаци, подлизурковци (прдежи со претензии за громови) растурикуќи, разумогубители, распојасани, сеирции, сезнајковци, сенештари, токмаци, тепајмакамајковци и тепајтатковци, ќарлии, ќелеши и ќелепури, ујдурмации, утки, укур-костумлии, фејсбук фанариоти, ѓоџоштаплери, хајкачи, хулниви, цензори, цепеници, шалабајзери, шарлатани, шутраци!’’

Сите се наши и меѓу нив голема шепа зло дојденци. Само ги нема тие со јатаганите и партизаните.

Така, де, сите се нашинци и делови од други народи и племиња и по некој од пријателскиот запад и за да ни биде попријателски некој таму некој си го преместил изгревот на сонцето. Се според крпениот устав и многу очекуваните промени и диктирани измени.

Во мигот кога ова го пишувам, ми доаѓа силно и гласно да се помолам:

-Оче наш, Кој си на небесата, слези од небото на земјата викана Македонија, прости ни ги греовите, вразуми не и на зло дојденците покажи им го патот за дома...

АМИН!

Се молам и само сонувам и во сонот си велам:

-Дојди, дојди, пробуди се, прероди се партизанска Македонијо!

За сите што погоре се наведени без име и презиме, а се знае кои се, некои велат дека за нив нема лек. Други, пак, се противат и упорно тврдат дека за нив лек има во аптеките на Шутка и Идризово. Белки ќе дочекаме кога ќе стигнат таму, по грмежот на мечтаениот трет Илинден што во многу говори, написи и колумни го заговара академик Љупчо Коцарев. Дај Боже да му се позлати мислата, словото, зборот, раката, пенкалото, хартијата и да му се исполни желбата и мечтата. И мојата!

Потсетувајќи се на Преспанскиот договор и неговите последици што веќе следат, трагично, до солзи ми прозвучуваат предупредувачките зборови на генијалниот Прличев :

-Што направивме ?.

За секој народ патриотизмот е темелен поим во кој е вградена историјата. Ако не ја знаеш историјата на сопствениот народ не барај и не настојувај да бидеш претседател на државата, премиер на владата и министер и не потпишувај штетни договори. А вие кои веќе се дофативте до тие позиции, а и вие, кои сакате да дојдете, берете ум и не заборавајте дека некој потсети дека не ги фрлил чизмите на буниште, туку ги обесил на таванот и за потсмев или предупредување дека токму сега му е времето за уште едно или повеќе барања. Таа закана или предупредување помина небаре како да е шега, како да е шега и играњето топка во државни простории од туку што испилени државно творци, небаре е шега и подбивот дека со влегувањето во одбранбено-агресивниот сојуз, за Македонија сонцето ќе изгрева на Запад, дека е шега веењето на знамето на некоја идна голема држава. Новиот астроном, кој скалпелот за кој учел го заменил со креда и на училишна табла убедува што е добро за Северна, му даде шанса на Коперник по векови да се преврти во гробот. И уште. Не затворајте очи, кога некој пред нос ви отвора клубови, не ви признава минато, род и јазик и некои од вашиот круг, бараат побратимство во Уставот со тие, кои некогаш на градите носеа нацистички обележја и гореа македонски села.

И заменик-министерката, да доучи дека еден дел од распарчениот македонски народ не е малцинство и без срам бара како

малцинство да го внесе во преамбулата на Уставот. Тоа го научила дома, во училница или некој од надвор и го кажа?

И пак ќе речам, патриотизмот не е само темелен поим, туку знаење дека тие, од некои наречени Егејци, не се малцинство во државата во која со своето знаење, трудољубивост и чесност, со високо развиено национално чувство, придржувајќи се на долгата традиција која извира од Кирила и Методиј, Гоце Делчев, Загоричанецот Благоев, Мисирков, Влахов и цела плејада умни и мудри личности независно од местото на своето живеење и образование, високо го држеа и го држат факелот на македонштината, па оттука имаат вкоренет влог во создавањето на македонската држава.

Несомнено Преспанскиот договор има историско значење. Времето ќе потврди дали најголема корист ќе имаат малите на Балканот или големите отаде океанот и европските потомци на некогашните колонисти.

Денес на Запад се дига огромен крик ако се најде гробница од само неколку убиени. Денес никој не се најде да ги открие и да ги отвори масовните гробници во Преспа, во реонот на Вичо и во Лерин. Денес Преспа е заборавена масовна гробница. Денес во Преспа има малку живи Преспани. Малку се живите Преспани кои доаѓаат во Преспа. Многу се гробовите и гробниците во Преспа, не на Егејци, туку на Македонци.

Кога ќе погледнеш од ридот викан Превалот, пред очите ќе ти легне целото Мало и Големо Преспанско Езеро и нивната околина и споменот за големото зло. Можеби тогаш и ќе наведнеш глава и ќе се поклониш над преспанските македонски болештини...

Од мене толку, бидејќи други, многу посилни пера ја имаат опишано целата нејзина убавина, страдања, болки, очај, ужас, мечти и надежи. Јас само се нафатив да потсетам на неколку настани од поодамнешното и посегашното време во кое се ткаеше судбината на Преспа, најмногу отаде граничната линија, а сега и на цела Македонија.

Голема е болката кога ќе се потсетиш дека во таа Божја убавина, сега напуштена и жалосна, се натрупани сите болештини на Македонците од дамнешните и сегашните времиња.

Годините на предавството не се бројат. И предавниците исто така. Зад нив остануваат штетите и барањата и задоволствата на туѓинците. За нив нема заборав.

Долго ќе се паметат, како бакнежот на Јуда.

Не заборавајте!

Со сопругата седиме на балконот од нашата вила и не откинуваме поглед од јужниот дел на езерото.

Таму зеленее планината викана Врба. Во птичји лет границата на Македонија со Македонија е далеку околу два километри и од таму многу блиску и многу, многу далеку отаде неа се нашите села, нашите растурени куќи, нашите темели под урнатините покриени со бурјанот, трњата, нашите цркви, нашите гробишта, во кои почиваат нашите предци, ридовите, чешмите и изворите, нашите корени. Таму сме со мислите, со духот, со споменот и тагата која боли...

Иако далеку, ама секогаш блиску и со духот и мислата таму ќе сме додека ќе бидеме живи.

Не вика родната грутка, не викаат спомените ...

Потоа?

Потоа само една порака:

Вие кои ќе дојдете после нас немојте да го заборавите огништето на вашите предци...

August 2024

Copyright

Source: www.pollitecon.com